Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-336/7
година
03-10-2023

Постапувајќи по претставката бр. 08-336/1 од 27.004.2023 година, поднесена од [redacted] од Скопје против Факултет за безбедност - Скопје за сторена дискриминација во областа на работа и работни односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), на 05.09.2023 година го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

НЕ СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз лицето [redacted] од Скопје врз основ на лично својство и општествен статус во областа на работа и работни односи од страна на Факултет за безбедност - Скопје.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 27.04.2023 година лицето [redacted] со адреса на живеење на [redacted], Скопје поднесе Претставка бр. 08-336/1 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Во натамошниот текст: Комисијата).
Подносителката наведува дека е вработена во звање вонреден професор на Факултетот за безбедност – Скопје, со тоа што првиот избор во тоа звање бил на 04.05.2017, а Наставно-научниот совет со одлука од 18 јули 2022 по втор пат ја избрал во истото звање вонреден професор. Таа истакнува дека не е задоволна со изборот во звање вонреден професор. Според неа, таа била доведена во ситуација каде членовите на Наставно-научниот совет со кревање на два прста ја избрале во звањето вонреден професор, од причини што биле наклонети кон [redacted] на факултетот [redacted], според која, тој пред сите изјавил дека нема да гласа за нејзиниот избор во звање редовен професор, односно дека влијаел на останатите во изборот. Оттука, таа истакнува дека е дискриминирана со нејзиниот избор во звање вонреден професор споредено со изборот на сите други колеги во звањето редовен професор. Притоа, наведува дека од месец октомври 2021 година меѓучовечките односи на факултет се влошиле.
Имено, таа наведува дека на 07.10.2021 година се објавил конкурс за избор во звање редовен професор, по што откако изминале 6 месеци од објавувањето, по 40 дена деканот распишал втор конкурс за избор во звање редовен професор. Вториот конкурс кој бил објавен во мај 2022 година завршил на 18.07.2022 година со избор на подносителката во звањето вонреден професор, кое звање го имала дотогаш. Според подносителката, зад нејзиниот повторен избор во истото звање вонреден професор постоела некаква намера во позадина, за што во претставката наведува дека забележала неприфатливо, недостојно однесување од страна на деканот и продеканот за настава. Дополнително на тоа, се наведува и дека во целиот период на спроведување

на постапката за избор, деканот покажувал отпор за распишување на конкурс, односно подносителката забележала одредена намера во неговото однесување. Подносителката истакнува дека со повторниот избор во вонреден професор се чувствува понижена, односно дека е навредена е нејзината личност, професија, како и нејзината научно-истражувачка дејност. Таа додава и дека била соочена со притисок во однос на објавувањето на нејзиниот материјал „Глобална безбедност“ – второ дополнето издание, односно побарала во месец септември 2021 година да отпочне постапка за издавање на материјалот, а постапката започнала една година подоцна во септември 2022 година. Таквите настани таа ги пријавила во Државниот просветен инспекторат, по што инспекторатот постапувал, но се сомнева во пристрасно постапување од страна на инспекторатот. Понатаму, нејзината постапка за избор ја споредува со постапка за избор во звање редовен професор на нејзин колега Јонче Ивановски, а во која постапка според неа определената Комисија за избор за кратко време го подготвила Извештајот за избор, па оттука според неа постапката за нејзиниот избор била смислено сценарио за нејзино понижување, деградирање, односно повреда на личниот интегритет и институционалниот интегритет. Како дискриминаторски основ во претставката го истакнува личното својство и општествениот статус.

Во прилог на наведеното во повеќе наврати со дополнителни појаснувања доставува Реферат за избор наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област: Основи на науката на полицијата (51609), Реферат за избор наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: Друго – Безбедност во приватниот сектор (51610) и Друго – Безбедносни науки (51610), Предлог на Дневен ред од седница на Наставно-научен совет на Факултетот за безбедност, Предлог на Одлука за избор во звање редовен професор на Јонче Ивановски, извадоци од членови на Закон за високото образование кои се однесуваат на постапка за избор, извадоци од Правилник за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, 2018, Договор за издавање на учебник 08-113/2 од 31.03.2023 година, Барање во врска со исплата на плата, Решение за акредитација на ментор на докторски студии бр. 08-410/4 од 18.03.2021 година, Претставки до Државен просветен инспекторат поднесени на 02.11.2022, 28.04.2022 15.06.2022 и 05.05.2022 година,

Факултетот за безбедност – Скопје во изјаснувањето бр. 08-336/5 од 05.06.2023 година во однос на наводите во претставката наведува дека со внимание ја анализирале претставката поднесена од вонреден [redacted] и редоследно ги наведуваат сите аспекти на работењето на органите и телата на Факултетот за безбедност - Скопје, со докази кои се дел од архивата на Факултетот. Се истакнува дека за избор во одредено звање треба да се исполнуваат општите услови, како и посебните услови согласно Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно- стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола. Следствено, се наведува дека согласно член 39 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во

наставно-научни звања на Универзитетот, изборот во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања го врши наставно- научниот совет на факултетот односно наставничкиот совет на високата стручна школа. Исто така, се истакнува дека согласно член 29 став 3 од Деловникот за работа на Наставно - научниот совет: „Јавното гласање се врши со дигање рака или поименично со прозивка, според службената евиденција.". Во таа насока, наведуваат дека гласањето било јавно, „со прозивка", со соодветен доказ за тоа кој како гласал. За делот од претставката кој се однесува на датумот кога е распишан првиот конкурс, наведуваат дека е ирелевантен како навод, затоа што е доволно да биде земен предвид член 25 став 6 од Правилник за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно- стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола - Битола, 2018 година, согласно кој „Одлука за распишување конкурс за избор во случај кога лицето е претходно избрано во наставно-научно, наставно-стручно, научно, наставно односно соработничко звање, донесува деканот, односно директорот на високата стручна школа. Наирано седум месеци, а најдоцна шест месеци пред истекот на времето за кое е извршен изборот во наставно-научно, наставно-стручно, научно, наставно и соработничко звање, деканот на факултетот, односно директорот на високата стручна школа е должен да распише конкурс за избор во сите наставно-научни, наставно-стручни, научни односно наставни звања, за избор во соработничко звање асистент, односно за избор на уметнички или стручен соработник.". Оттука, одлуката од деканот и објавата на конкурсот биле во предвидениот рок, од 7 (седум) до 6 (месеци) пред истекот на времето.

Од страна на Факултетот хронолошки ги наведуваат и објаснуваат дејствијата во рамки на постапките за избор, па оттука се наведува дека првиот конкурс е распишан со Одлука бр.04-644/1 од 06.10.2021 година и истиот бил објавен во дневните весници „Слободен печат" и „Коха" на 7 октомври 2021 година.

Следствено, бил поднесен приговор бр.03-822/1 од 06.12.2021 по првиот реферат, од страна на [redacted]. Рецензионата комисија, не доставила одговор на приговорот, туку до деканот и до членовите на Наставно - научниот совет доставила Известување бр. 03-822/5 од 24.12.2021 година со кое се укажувало дека се бара рефератот за избор да биде повлечен и да се запре понатамошната постапка за избор во звање, како и дека со фактот што тие го повлекле рефератот, приговорот станал беспредметен.

Понатаму, наведуваат дека согласно член 172 став 6 од Законот за високото образование: „Постапката по конкурсот може да трае најмногу шест месеца сметано од денот на објавување на јавниот конкурс во дневниот печат. Доколку постапката не заврши во овој рок, постапката се запира и се распишува нов конкурс.". Во таа насока, по запирањето на постапката по првиот конкурс, деканот донел Одлука бр.04-328/1 со која распишал конкурс за избор на еден наставник во сите наставно - научни звања на научните области: Друго – Безбедност во приватниот сектор (51610) и Друго – Безбедносни науки (51610) на Факултетот за безбедност - Скопје (втор пат), а истиот се објавил во дневните весници „Слободен лечат" и „Коха" на 5 мај 2022 година. И во рамки на постапката по вториот објавен конкурс, бил поднесен приговор бр.08-

396/3 од 21.06.2022 година по вториот реферат, од страна на [redacted]

Тие наведуваат дека поради тоа што кај вонреден [redacted] не постоела одговорност за незавршената (прва) постапка во предвидениот рок од 6 (шест) месеци, се донела Одлука бр. 04- 336/1 од 05.05.2022 година за склучување на Анекс на договорот за вработување, кој работен однос се продолжил до завршување на постапката по Конкурсот објавен во дневните весници [redacted] печат" и „Коха" на 5 мај 2022 година. Ова од причина што доколку не се склучел Анекс, на вработената ќе и истекле 5 (пет) години од изборот во звање вонреден професор и работниот однос ќе и престанел. Оттука, наведуваат дека не се точни наводите во претставката дека деканот пројавувал отпор за распишување на конкурс, туку дека истиот презел дејствија за продолжување на работниот однос, како и дека сите барања од страна на вонредниот [redacted] уредно биле разгледувани како точки на дневен ред на седници на Наставно-научниот совет.

Во однос на нејзиниот избор по објавениот втор конкурс, тие истакнуваат дека Наставно - научниот совет одлуката за изборот ја има донесено согласно предвидените рокови и потребното мнозинство предвидени во Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола. Одлуката за избор во истото звање била донесена со „17 (седумнаесет) гласови за, 4 (четири) гласови против и 1 (еден) глас воздржан". Следствено, тие наведуваат дека наводите за тоа дека останатите универзитетски професори биле наклонети кон деканот и дека тој влијаел на нивното гласање се целосно невистинити и дека автономијата на факултетите, односно универзитетите подразбирала дека одлуките ги носи Наставно-научниот совет, а секој наставник „може да гласа со ЗА, ПРОТИВ или ВОЗДРЖАН, по сопствено убедување и без обврска да го образложи своето гласање". Во таа насока наведуваат дека претставката не е поткрепена со докази дека во изборот имало некаква намера или постапката била спроведена спротивно на одредбите од горенаведениот закон и правилник. Дотолку што, приложуваат записници од извршени инспекциски надзори на Државен просветен инспекторат и Државен инспекторат за труд, а согласно кои надзори не се утврдени неправилности во спроведениот избор по конкурсот.

Понатаму, во врска со постапката за издавање на учебникот „Глобална безбедност" второ дополнето издание од авторот вонреден [redacted], постапката е навремено започната, но е одолговлечена поради постоење на објективен фактор, откажување на еден од рецензентите на изданието. Тие истакнуваат дека истата состојба е надмината и постапката е завршена.

Што се однесува пак до наводите во претставката за постапката на избор во наставно-научно звање на [redacted], се истакнува дека целата постапката е транспарентна, навремена и согласно одредбите од Правилник за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни. наставни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола - Битола, 2018 година. Дека рецензионата комисија има максимален рок од 3

(три) месеци од доставувањето на документација да поднесе реферат, согласно член 31 од цитираниот правилник. Следствено на тоа, минимален рок не е определен, само е потребно целата постапка за избор да се заврши во рок од 6 (шест) месеци од денот кога е почната. Во врска со постапката за избор на [redacted] вонреден [redacted] во редовен професор, се наведува дека подносителката се обратила и до Државниот просветен инспекторат, но по извршениот вонреден инспекциски надзор на 05.05.2023 година во Факултет за безбедност - Скопје, не биле утврдени неправилности на работењето на субјектот на надзорот. Дополнително на тоа, се наведува и дека конечната одлука за изборот во звање редовен професор ја има Сенатот на Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола, согласно член 39 став 2 од правилникот, според кој „Изборот на редовен професор извршен од страна на Наставно-научниот совет на факултетот, го потврдува Сенатот на Универзитетот.". За што Сенатот донел Одлука бр. 14-588/3-5 од 26.05.2023 година со која ја потврдил Предлог - Одлуката бр.08-276/2 од 27.04.2023 година од Наставно - научниот совет.

На крајот од изјаснувањето посредно се истакнува дека одговорот на претставката е колективен, односно усвоен од страна на Наставно – научниот совет на Факултетот за безбедност – Скопје и дека сите наставници се подготвени во целост да соработуваат со Комисијата и доколку е потребно подготвени се за дополнителни појаснувања или службени разговори.

Во остварен разговор со претставници од Факултетот за безбедност – Скопје, меѓу кои, деканот на факултетот, при преземени дејствија во рамки на законските надлежности на Комисијата на 23.08.2023 година, со цел добивање на дополнителни информации во врска со наводите во претставката за повторниот избор на подносителката во звањето вонреден професор, од страна на претставниците на факултетот беа потврдени ставовите дека постапката е спроведена согласно законските и подзаконските одредби. Имено, тие посочија дека одлуката за избор била колективна одлука согласно сопствените убедувања на секој член на Наставно – научниот совет поединечно, а не одлука на едно лице, па оттука не може да се зборува за никаков однапред определен став во врска со направениот избор.

Комисијата ценејќи ги подеднакво изнесените факти и околности во претставката и наводите во изјаснувањето на Факултетот за безбедност – Скопје, заедно со прилозите кон истите, утврди дека врз подносителката не е сторена директна дискриминација од страна на факултетот, односно [redacted] Во таа смисла, Комисијата не ги најде за веројатни тврдењата на подносителката, за да го земе во предвид членот 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација и го префрли товарот на докажување на факултетот, односно деканот.

Според Комисијата, подносителката не ги поткрепила изнесените тврдења во претставката со релевантни податоци или информации со кои би ги надополнила и сторила истите за веројатни. Туку, истите претставуваат изјави на подносителката наспроти изнесените тврдења на спротивната страна, односно факултетот. Таа на ниту еден начин не ја сторила за веројатна, односно не ја прикажала

каузалноста на наведениот дискриминаторски основ со настанот, односно нејзиниот избор во истото научно-наставно звање.

Имено, согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа. Дискриминација согласно член 6 од истиот Закон е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или не сторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.
Комплементарно, директна дискриминација, согласно член 8 став 1 од Законот, постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.

Оттука, за да постои директна дискриминација, пред се треба да има определено дејствие од страна на факултетот, односно деканот во вид на сторување или несторување со кое таа би била ставена во понеповолна положба од друго лице во иста или слична споредлива фактичка ситуација засновано врз дискриминаторски основ, како што е наведеното лично својство и општествен статус, на кое како можен основ имплицира подносителката во претставката. Во таа смисла, подносителката не образложува за какво лично својство и општествен статус станува збор, односно врз основа на каква на пр. физичка карактеристика, својство во смисла на професија, квалификација и слично, или пак поврзаност со некаков сегашен или поранешен статус на пр. осигуреник, имигрант и слично како заштитена карактеристика се темели наведеното спорно дејствие на факултетот.

Дотолку што, одлуката за нејзиниот избор е акт на колективно тело, во конкретниот случај Наставно – научниот совет, а следствено не се изнесени факти и сторени веројатни за конкретни дејствија на деканот или на друго лице, кои би биле индикативни за однапред мотивирана и претпоставена одлука за неизбор во повисоко звање на подносителката.

Согласно член 110 став 1 точка 8 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ“ бр. 82/2018 и „Службен весник на РСМ“ бр. 154/2019 и 178/2021), Наставно – научниот совет врши избор во наставно-научни звања доцент, вонреден професор и редовен професор, во наставностручни звања лектор и виш лектор, во научни звања, во соработнички звања и демонстратори.

Понатаму, согласно членот 176 став 1 од истиот закон, најрано седум месеци, а најдоцна шест месеци пред истекот на времето за кое е извршен изборот во наставно-научно, наставно-стручно, наставно и соработничко звање, деканот на факултетот, односно директорот на високата стручна школа распишува конкурс за избор во сите наставно-научни, наставностручни, научни и наставни звања, за избор во соработничко звање асистент, односно за избор на уметнички или стручен соработник.

Во согласност со член 172 став 1 од законот, избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни и наставни звања и соработнички звања се врши по пат на јавен конкурс кој го распишува наставно-научниот, односно наставничкиот совет, што го објавува високообразовната установа во дневниот печат, а самиот конкурс согласно ставот 2 од истиот член се распишува за избор во сите наставнонаучни, наставно-стручни, односно наставнички звања.
Според ставот 6 од истиот член, постапката по конкурсот може да трае најмногу шест месеца сметано од денот на објавување на јавниот конкурс во дневниот печат, а доколку постапката не заврши во овој рок, постапката се запира и се распишува нов конкурс.
Согласно членот 173 став 1 од Законот за високото образование, изборот на кандидатите во наставно-научни, наставно-стручни, наставни, научни и соработнички звања го врши наставно-научниот совет на факултетот, односно наставничкиот совет на високата стручна школа, врз основа на оценката во реферaтот на рецензиона комисија. Оттука, согласно ставот 8 од наведениот член за сите пријавени кандидати рецензионата комисија поднесува реферат во писмена форма во рок од три месеци од денот на доставувањето на целокупната документација до сите членови на рецензионата комисија. Рефератот содржи оценка за остварувањата на кандидатите во согласност со општите и посебните услови за избор во соодветно звање, како и предлог за избор на кандидатот во соодветно звање.

Следствено на наведеното, Комисијата најде дека постапката за избор во наставно-научно звање била спроведена во согласност со одредбите од Законот за високото образование, а видно и од Записникот за извршен инспекциски надзор на Државниот просветен инспекторат ИП1 бр. 09-1586 од 10.11.2022 година согласно кој не се утврдени неправилности во постапката за избор на [redacted] во звањето вонреден професор.
Имено, откако првата постапка за избор по првиот објавен јавен конкурс не завршила во предвидениот законски рок, бидејќи од објективни причини била запрена, се објавил нов јавен конкурс на 5 мај 2022 година, а кој конкурс завршил со избор на подносителката во истото звање вонреден професор. Одлуката за избор во исто звање Наставно – научниот совет ја донел на единаесеттата седница одржана на 18.07.2022 година, откако претходно рецензентската комисија донела реферат со оценка, односно заклучок и предлог за избор на подносителката во звање редовен професор. Предлогот за избор во звањето редовен професор не се усвоил од причини што за истиот гласале 2 за, 15 воздржани и 5 гласови против, по што е предложено да се гласа за избор во

постојното звање вонреден професор и истото е изгласано со 17 гласови за, 1 воздржан и 4 гласови против. Ваквиот избор е направен во согласност со членот 177 став 1 од Законот за високото образование, согласно кој ако при избор, лицето кое претходно било избрано во наставно-научно, наставно-стручно, научно и наставно звање биде предложено за избор во повисоко звање и не биде избрано во предложеното повисоко звање, повторно се гласа за избор во постојното звање во кое било претходно избрано. Оттука, ваквиот избор е во согласност со законски предвидената постапка од причини што самиот Закон за високото образование не предвидува одредба која гарантира избор во повисоко звање во случај на позитивен реферат за избор во повисоко звање и во случај кога е пријавен само еден кандидат, туку само е наведено дека изборот го врши Наставно – научниот совет.

Комплементарно на наведеното, не може да се смета дека со наведените дејствија на Факултетот за безбедност - Скопје е направена дискриминација во смисла на членот 6, односно директна дискриминација во смисла на член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Имајќи го во предвид горенаведеното, Комисијата одлучи како и во диспозитивот на ова мислење.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација,
Претседател,
Исмаиљ Камбери

*Доставено до:*

1. [redacted]
2. *Факултетот за безбедност – Скопје, „1“ Колонија – Идризово бр. 2А, Скопје*
3. *Архива на Комисијата*